# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**
Излегува по потреба

**Број 9 година XLIV**

**18 јуни 2009**


**191.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на ДУП за дел од Велес, локалитет – станбена единица – МЗ „Алексо Демниевски“ (дел), изменување и дополнување – 2008-2013, - Општина Велес**

Се објавува Одлуката за донесување на ДУП за дел од Велес, локалитет – станбена единица – МЗ „Алексо Демниевски“ (дел), изменување и дополнување – 2008-2013, - Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2009 година.

Број 08-2636/1
18.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.24/08 пречистен текст) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.06.2009 година донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица- М.З.”Алексо Демниевски “(дел) изменување и дополнување – 2008-2013 - општина Велес**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица- М.З. “Алексо Демниевски” (дел) изменување и дополнување – 2008 – 2013 - општина Велес.
Документацијата за донесување на детален урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.24/08 пречистен текст), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр.78/06 и 140/07) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Службен весник на РМ” бр.78/06).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица - М.З.”Алексо Демниевски” (дел) изменување и дополнување – 2008 – 2013 - општина Велес е со површина на урбано подрачје од 0,62 ха.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

- југо - исток: дел од ул. “Васил Главинов”
- северо - запад:дел од ул. “Благол Ѓорев”
- југо - запад:пешачка улица
- северо – исток:спој на “Благој Ѓорев”и ул. “Васил Главинов”

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица - М.З.”Алексо Демниевски” (дел) изменување и дополнување – 2008 – 2013 - општина Велес

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;

Извештај од стручната консултација и јавната анкета на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица - М.З.”Алексо Демниевски “(дел) изменување и дополнување – 2008 – 2013 - општина Велес.

**Член 4**

За Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица - М.З."Алексо Демниевски" (дел) изменување и дополнување – 2008 – 2013 - општина Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.16-5030/2 од 12.05.2009 година.

**Член 5**

Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица - М.З."Алексо Демниевски" (дел) изменување и дополнување – 2008 – 2013 - Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

**Член 6**

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Агенција за катастар и недвижности-одделение за катастар и недвижности Велес на чување и користење.

**Член 7**

Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица - М.З."Алексо Демниевски" (дел) изменување и дополнување – 2008 – 2013 - општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2610/1
17.06.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**192.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за дополнување на Решение за формирање на Одбор за спас на Велес од Топилница**

Се објавува Решението за дополнување на Решение за формирање на Одбор за спас на Велес од Топилница, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.06.2009 година.

Број 08-2636/2
18.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.06.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за дополнување на Решение за формирање на Одбор за спас на Велес од Топилница**

1. Со ова решение се дополнува Решението за формирање на Одбор за спас на Велес од Топилница донесено од Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.06.2008 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 8/08) со следните лица:

- Д-р Атанас Василев
- Петре Петрушевски

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2610/2
17.06 2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**193.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Велес**

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.06.2009 година.

Број 08-2636/3
18.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ” бр. 36/04), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.06.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Велес**

1. Советот на Општина Велес именува претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Велес.

За претседател на комисијата се именува

- Марија Настова - раководител на сектор во општинската администрација

За членови на Комисијата се именуваат:

- Коста Јанев – дипл. градежен инженер
- Валентина Јованова – дипл. доктор по ветерина
- Димче Купенков – дипл. земјоделски инженер
- Петар Стојанов – дипл. металуршки инженер
- Ангел Трајчевски – дипл. шумарски инженер
- Љубенчо Јанушев – дипл. металуршки инженер
- Петре Саздов – член на Совет. дипл. стоматолог
- Ордан Тутунџиев – член на Совет, дипл. шумарски инженер
- Ѓорѓи Тодоров – дипл. земјоделски инженер, отсек сточарство

2. Комисијата има овластувања согласно Уредбата на Владата на РМ бр. 19-4079/1 од 09.11.2005 година (“Службен весник на РМ“ бр. 98/05), да изврши проценка и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди, епидемиии, епизотии, епифитотии и други несреќи настанати на територијата на Општина Велес.

Во зависност од видот и обемот на штетата, комисијата може дополнително да ангажира стручни лица за проценка по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Велес.

3. Проценатa и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

4. При процена и утврдување на висината на штетата врз средствата и другите материјални добра, Комисијата е должна да ја применува Единствената Методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди (“Службен весник на РМ” бр. 75/2001).

5. За својата работа Комисијата е должна да поднесе извештај до Советот на Општина Велес, за секоја спроведена активност.

6. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-2610/3
17.06.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**Бр на акт** **Страница**


| | | |
|---|---|---|
| **191** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за донесување на ДУП за дел од Велес, локалитет – станбена единица – МЗ „Алексо Демниевски“ (дел), изменување и дополнување – 2008-2013, - Општина Велес** | **122** |
| | **О Д Л У К А за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица- М.З.”Алексо Демниевски “(дел) изменување и дополнување – 2008-2013 - општина Велес** | |
| **192** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за дополнување на Решение за формирање на Одбор за спас на Велес од Топилница** | **123** |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за дополнување на Решение за формирање на Одбор за спас на Велес од Топилница** | |
| **193** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Велес** | **124** |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за именување претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Велес** | |

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00